| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани,** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДООЕЛ Нимаер Струга, д.е. Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на општина |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Благоја Радевски бр. овл. 0.0104 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | 078/212-727 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Методот за изработка на Урбанистичкиот план е во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15) и Извод од Просторен план на РМ-Услови за планирање на просторот. | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да<br>Не - се вршат измени | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| За предметниот опфат од важечка планска документација постои само Извод од Просторен план на РМ-Услови за планирање на просторот кои треба да претставуваат влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ.Измената на горенаведениот плански документ се должи на направени грешки со катастарските парцели во претходниот план и нивно усогласување во планираните измени. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и** | | | |

**нејзиното значење.**

Да, површината на опфатот изнесува 1.56 ха.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Цел на планот е да се создадат услови за планирање на организирани простори за градба кои ќе бидат реализирани од страна на сопствениците на земјиштето и локалната самоуправа.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2018 - 2028 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 1.56 ха.

Границата се движи:

- На север граничи со јужната страна на КП791;
- На запад граничи со источната страна на КП775;
- На југ граничи со северната страна на КП780, КП781, КП782, КП784, КП789/3, КП789/4 и КП789/1.
- На североисток граничи со југозападната страна на КП796/2 и КП796/4.



| | |
|---|---|
| | |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** | |
| Да √<br>Не | |
| **Дали е приложена копија од целите?** | |
| Да ☐<br>Не √ | |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, влијанија врз амбиенталниот воздух. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем** | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз |

| | |
|---|---|
| **на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.<br>**Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 година, во општината Студеничани регистрирани се вкупно 17.246 жители, додека во селото Морани има 1715 жители.** |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, стимулирање на развојот на проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.<br>Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето. **Локалната урбанистичка планска документација за КП.Бр. 790, К.О.Морани, Општина Студеничани**, како плански развоен документ треба да го постигне следното:<br>• Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;<br>• Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;<br>• Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;<br>• Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето и системите на инфраструктурата; и<br>• Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот. | |
| **Посебни природни карактеристики** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот |

| | |
|---|---|
| **или културно наследство** | план на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичко-планска документација со основна класа на намена Б5-хотелски комплекси, КО Морани, Општина Студеничани, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.<br>**На подрачјето на катастарската општина Морани, кое е предмет на анализа нема евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):**<br>**Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се следните наоди:**<br>**КО Морани- Морани, осамени наоди од римско време. Во атарот на селото пронајдени се три надгробни плочи со латински натписи и истите се чуваат во Музејот на Македонија во Скопје.** |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Нема гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Од аспект на изграден градежен фонд, констатирано е дека планскиот опфат претставува градежно неизградено земјиште.<br>Вкупната површина на планскиот опфат предвидена со **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани**, изнесува 1.56 ха.<br>Од вкупната површина на планскиот опфат предвидена со **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П.Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани,** хотелски комплекси зазема 1.56 ха, |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани се создаваат предуслови за ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа.

Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат има објекти за живеење-станбени куќи.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**

**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за развој во општина **Студеничани**, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите и

| |
|---|
| инфраструктурата;<br>Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат во други планирани објекти;<br>Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;<br>Почва: несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата;<br>Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;<br>Транспорт: зголемена фрекфенција на возила;<br>Отпад: генерирање на отпад.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br>Неправилно управување со отпадот, начинот на греењето на објектите, неправилно постапување со санитарните води може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>За **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани** се изработени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y15218. **ЛУПД за Г.П.1.1 на К.П. Бр.790, К.О.Морани, Општина Студеничани** е поврзан со следниве документи:<br>• Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;<br>• Национален план за управување со отпад;<br>• Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;<br>• Национална стратегија за одржлив развој;<br>• Втор национален еколошки акционен план на РМ;<br>• Стратегија за демографски развој на РМ;<br>• Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;<br>• Стратегија за мониторинг на животната средина. |

| | |
|---|---|
| Целите на сите наведени плански документи ќе бидат усогласени со целите и содржините на планот и нема разлика во клучните одлуки. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>Нема спроведено претходна оценка. | |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Во рамки на планскиот опфат не е предвидена реализација на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина и поради тоа сметаме дека нема потреба истиот да подлежи на нови оценувања. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Градоначалник**<br>Азем Садики |
| **Бр.** 09-57/3<br>**Датум** 20.01.22 год.<br>**Место** Општина Студеничани | М.П. |